Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 106 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), а согласно член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20) постапувајќи по Жалба изјавена од Драгана Велковска, поднесена против НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 19.04.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ЗАПИРА** постапката по Жалбата изјавена од , поднесена против НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, заведена во Агенцијата под бр.08-102 на 05.04.2024година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **поради тоа што Жалбата се смета за повлечена**.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

, како што е наведено во Жалбата, на 11.03.2024 година поднела Барање за пристап до информации од јавен карактер до НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид, со кое побарала по е-маил да и се достави следната информација:

„1. Барам да ми се достави целокупната документација која се однесува на предметот на КП 15927 и КП 15953, КО Охрид 3 на ул. „Илинденска“ (во непосредна близина на ранохристијанската базилика „Манчевци“) и тоа:

- Барање за издавање на ЗКУ,
- Решение за формирање тим за археолошки истражувања,
- комплетен Извештај од извршените археолошки истражувања,
- Мислење за издавање на ЗКУ,
- Решение за заштитно конзерваторски услови,
- фотографии,
- Одобрение за градба,
- Мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион,
- Легенда со пресек на планираниот објект за градба, нумерички параметри и предвидени параметри со основен и идеен проект,
- останата постоечка документација.

2. Воедно, барам информација за тоа што досега е преземено од ваша страна на оваа локација и што се планира во иднина со пронајдените археолошки остатоци.“.

Имателот на информации по ова Барање не одговорил во законски предвидениот рок, по што Барателот на информации достави Жалба до Агенцијата, заведена под бр.08-102 на 05.04.2024 година.

Агенцијата, преку е-маил заведен под бр.08-102 од 05.04.2024 година, ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации на 09.04.2024 година, до Агенцијата достави Допис "Доставување на целокупната документација во врска со предметна жалба" бр.03-351/4 од 09.04.2024 година, заведен во Агенцијата под бр.08-102 во прилог на кој го достави Одговорот на барањата на информација бр.03-351/3 од 08.04.2024 година.

На 16.04.2024 година Барателот на информаци до Агенцијата достави е-маил заведен под бр. 08-102, со кој ја извести Агенцијата дека ја добил бараната информација.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за општата управна постапка **ЈА ЗАПРЕ ПОСТАПКАТА** по Жалбата, поради тоа што Барателот истата ја повлекол пред донесување на управен акт од второстепениот орган.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

**Директор,**

**Пламенка Бојчева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-102
19.04 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP